## *Општи информации за обуката*
## *„Шивач и кројач на конфекциски материјал“*

Главната цел на програмата е кандидатите да се стекнат со знаење, вештини и компетенции потребни за занимањето „Шивач и кројач на конфекциски материјал“. Учесниците во теоретскиот дел ќе бидат запознаени со основите на различни техники на кроење и шиење а голем дел од програмата е и практична настава преку која во реални услови ќе ги извршуваат зададените задачи.

На крајот од успешно реализираната обука кандидатите ќе се стекнат со сертификат за работна оспособеност за занимањето „Шивач и кројач на конфекциски материјал“. Во програмата ќе се вклучат кандидати со завршено минимум основно образование. Обуката ќе се состои од два дела, теоретски предавања и практична работа во траење од 210 училишни часа. По завршување на програмата учесникот ќе биде способен да:

- подготвува и организира работно место;
- пополнува техничко-технолошка документација и води евиденција;
- комуницира и соработува со работен тим, соработници и надредени;
- применува стручна терминологија;
- подготвува основни и помошни материјали;
- препознава карактеристики на основни и помошни материјали;
- подготвува машини и апарати;
- применува технологија на изработка на готов производ;
- крои;
- шие;
- контролира квалитет на работата согласно со стандардите и нормативите;
- почитува и применува упатства и стандарди;
- применува основни начини за одржување на машините и опремата;
- применува заштитни средства и ХТЗ опрема при работа;
- работи согласно стандарди за отстранување на отпаден материјал.

Во врска со уписите и другите детали поврзани со програмата контактирајте не:

Борис Тримчев
моб: 072 207 091
Е-адреса: boris@mchamber.mk
Симона Ристоска
тел: 02 32 44 067
Е-адреса: simona@mchamber.mk

Посетете не и на нашиот Facebook профил и бидете во тек со сите обуки кои ги нудиме!